**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**
Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ
Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **м а р т, 2025**




**Скопје, 16.04.2025**

**Содржина:**


ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2025 3

ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ 5

ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА 5

СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА 5

ЕПИДЕМИИ 5

СМРТНИ СЛУЧАИ 5

ГРИП 6

ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ 6

БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ 6

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАРТ, 2025*

Во текот на март 2025 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно 608 заболени лица од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ) со вкупна инциденца од 33,1 на 100.000 жители.

Во текот на месец март се бележи намалување на вкупниот број на заболени лица за 18,5% во однос на претходниот месец февруари 2025 (n=746). Во однос на март 2024, се бележи намалување за 57,5% (n=1.431), како и во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, за 44,2% (n=1.089). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец март учествуваат со 27,7%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=2.195) е за 41,3% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=3.738).

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=263; 43,3%%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=7; 1,2%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=63,3/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=5,5/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територија на Крива Паланка (I=153,3/100.000). Седум ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Д. Хисар, Неготино, Кочани, Делчево, Дебар, Струга, Мак. Брод и Дебар). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во март, 2025*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во март учествуваат со 97,7% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 32,3/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во март, 2025*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Овчи сипаници** | **309** | **16,8** |
| **Ентероколитиси** | **176** | **9,6** |
| **Шуга** | **54** | **2,9** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **19** | **1,0** |
| **Салмонелози** | **10** | **0,5** |
| **Скарлатина** | **8** | **0,4** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **8** | **0,4** |
| **Вирусен хепатитис Б** | **4** | **0,2** |
| **Бактериски менингитис** | **3** | **0,2** |
| **Сифилис** | **3** | **0,2** |
| ***Вкупно*** | ***594*** | **32,3** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити, n=485), учествуваат со 79,8% во вкупниот број на заболени, а со 81,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец март 2025 година.

Во текот на март, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 309 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 50,8%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 52,0%.

Во однос на претходниот месец февруари 2025 (n=366), се регистрира намалување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 15,6%, додека во однос на месец март 2024 (n=825) се регистрира намалување за 62,5%.

Во однос на аритметичката средина (n=504) се регистрира намалување за 38,7%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=1.218), пријавените случаи во март учествуваат со 25,4%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=2.195), овчи сипаници учествуваат со 55,5%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=1.218) е за 49,0% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=2.389).

На второ место по број на пријавени заболени во месец март се **ентероколити**, со 176 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 28,9%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 29,6%.

Во однос на претходниот месец февруари 2025 (n=232), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од ентероколити за 24,1%, како и во однос на месец март 2024 (n=222) се регистрира намалување за 20,7%.

Во однос на аритметичката средина (n=364) се регистрира намалување за 51,6%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=608), пријавените случаи во март учествуваат со 28,9%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=2.195), ентероколити учествуваат со 27,7%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2025 (n=608) е зголемен за 2,7% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=592).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во март, најголем број (n=342) припаѓаат на **капкови заболувања** (56,3%; I=18,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=309; 90,4%) и инциденца (I=16,8/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 19 случаи на инфективна мононуклеоза (I=1,0/100.000), 8 случаи на скарлатина (I=0,4/100.000), 3 случаи на пневмококни инфекциии, по еден случај на голема кашлица, легионерска болест и менингококна болест.

Во месец март, пријавени се 195 случаи (32,1% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 10,6/100.000. Од нив, најголем број, (n=176; 90,3%) и инциденца (I=9,6/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се 10 случаи на салмонелози (I=0,5/100.000), 8 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=0,4/100.000) и еден случај на кампилобактериоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во март се регистрирани 58 случаи (9,5%; I=3,2/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 54 се случаи на шуга (91,5%; I=2,9/100.000), 3 случаи на бактериски менингит и еден вирусен менингоенцефалитис.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 11 заболени лица (1,8%; I=0,6/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 4 случаи на вирусен Хепатитис Б, три случаи на сифилис, два случаи на инфекција со Хламидија и по еден случај на Хепатитис Ц и гонореја *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец март регистрирани се два случаи, по еден случај на бруцелоза и ехинококоза. *(Графикон 3)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во март, 2025***



## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец март, пријавени се три случаи потврдени на ХИВ и еден случај на СИДА, сите од машки пол, кои припаѓаат на возрасната група од 20-39 години. Регистриран е еден смртен случај од СИДА. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.03.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 698, и тоа:

- 132 лица починале,
- 562 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец март 2025 регистрирани се 8 случаи со инциденца од 0,4/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 4 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против овие болести. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Пријавени се три случаи на пневмококни инфекции, од нив две лица се возрасни (припаѓаат во возрасна група 50-65 години), а едно лице е дете на возраст од 8 години. Трите случаи се со дијагноза на пневмококен менингит. Ниту едно од заболените не е вакцинирано со вакцина против пневмококна инфекција.

Во групата на вакцино-превентабилни болести, пријавен е еден случај на голема кашлица. Подетални неделни информации, за состојбата со голема кашлица во државата, се достапни на веб страната на ИЈЗ - https://www.iph.mk/.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец март, пријавени се вкупно 4 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец февруари кога беа пријавени 7 случаи. Споредено со месец март 2024 (n=27) се регистрира намалување за 85,2%.

Од заболените во март 2025, два случаи се од Скопје и по еден случај од Охрид и Тетово.

Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, по едно лице припаѓа на возрасните групи од 20-29 години, 30-39 години, 40-49 години и 50-59 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец март, се тестирани вкупно 1.137 материјали за 25% помалку во однос на минатиот месец (n=1.526).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.03.2025, пријавени се вкупно 352.096 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.169,9/100.000) и 10.005 смртни случаи (Mt= 544,7/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец март, до Институтот за јавно здравје ***не е пристигната пријава за епидемија.***

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец март, **не е регистриран смртен случај од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS (https://erviss.org/), стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 9 од 31 земја и области на Европскиот регион на СЗО. Активноста на грипот го достигна пикот во повеќето земји, со тоа што повеќето показатели се во опаѓање. Позитивноста на RSV се намали од достигнатиот пик кон крајот на декември, но останува покачена и е највисок кај возрасната група од 0-4 години. Активноста на SARS-CoV-2 останува ниска на регионално ниво, со одредени варијации на ниво на земји.

Во текот на март, на групни пријави за грип во РСМ, пријавени се вкупно 5.067 заболени лица (I=275,9/100.000). Од нив најголем број на заболени се регистрирани во ЦЈЗ Скопје (n=1.792), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Ресен (I=1.120,2/100.000).

Во текот на март, не се пријавени смртни случаи асоцирани со грип.

Од почетокот на сезоната 2024/25, во Р.С. Македонија, заклучно со 14-та недела 2025, пријавени се вкупно 25.330 случаи (I=1.379,1/100.000) на грип/заболувања кои личат на грип. Од нив,најголем број на заболени (n=6.750) се регистрирани на територија на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (5.535,2/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар.

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) - 14.502 случаи (57,3%), а највисока инциденца (3.026,3/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=2.921).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 1.122 материјали од здравствени установи од рутинскиот (n=638) и сентинел надзорот (n=484). Во нив, детектирани се 283 позитивни случаи на грип, 10 позитивни случаи на SARS-CoV-2 и 93 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV). Во однос на вирусот на грип, доминира тип А со 60,8% застапеност во испитуваните примероци, со 68,6% присуство на Influenza A(H3) субтипот. Во однос на респираторниот синцицијален вирус (RSV), доминира RSV-A со 67,7% застапеност во испитуваните примероци.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на март, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 1.629 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на девет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=984; 60,4%) и ЦЈЗ Куманово (n=257; 15,8%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец март се: *Influenza B (342; 21,0%), Influenza A (275; 16,9%) и RSV (n=215; 13,2%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, резистенција е добиена за *MRSA,* Enterobacter cloacae, ESBL, Escherchia coli, ESBL, Klebsiella pneumoniae, ESBL и Pseudomonas aeruginosa.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Штип и ЦЈЗ Тетово.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на месец март, ***пристигната е една пријава*** за заразно заболување за салмонелоза кај странски државјани од Бугарија кој престојувал во Република Северна Македонија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***